ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 4.V.1970

13006

СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ГРАДОТ

# Две варијанти за уредување на Калето



- **На 13 ноември годинава ќе се отвори новиот Музеј на современа уметност**
- **Брза помош за еден месец во „нов стан“**

> **Секојдневно во Редакцијата на Втората програма на Радио Скопје пристигнуваат повеќе писма преку кои граѓаните се интересираат за проблемите од сите дејности на градот.**
>
> **Во емисијата „ВИЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ГРАДОТ“ што е на програмата секоја недела во 10 часот и 5 минути, претседателот на Собранието на Скопје Драгољуб Ставрев, одговара на прашања на граѓаните.**
>
> **Со оглед на големото интересирање на многумина, секој понеделник на оваа страница ги поместуваме одговорите на претседателот на градот.**

**ПРАШАЊЕ: НИКОЛА ТРАЈКОВСКИ**

**— Другар Ставрев, во тек е реконструкцијата на тврдината „Кале“ што секако е зафат за пофалба. Веќе е готов и еден дел. Ме интересира како според урбанистичкиот план на градот ќе биде решен целиот тој комплекс, внатре во тврдината и околу неа, поточно какви објекти ќе бидат изградени?**

**ОДГОВОР:** — Конзерваторските и реставраторските работи на средновековната тврдина „Кале“ во Скопје, почнаа во 1966 година. Во 1967 година беа извршени големи археолошки испитувања за чиј потфат беа потрошени околу 70 милиони стари динари. Новите податоци што ги дадоа тие испитувања послужија за изработка на првата техничка документација на тврдината, како и за изработка на идејни и изведбени проекти за нејзината конзервација и делумната реставрација. Проекти се изработени за сите бедемски ѕидови како и поодделно за сите постојни кули. Со проектите се предвидува целосна реконструкција на надворешните бедеми и делумна реконструкција на внатрешниот североисточен бедем. Во изминатиот период се санирани јужниот и западниот бедем, кои најмногу настрадаа во земјотресот во 1963 год. Во 1968—69 год. се реконструирани парапетните ѕидови со пушкарниците и топовските кули од јужниот и северо-источниот бедем, делумно е реконструирана и источната тркалезна кула, а целосно е обновена таканаречената турска порта од североисточниот бадем, која датира од почетокот на Осумнаесеттиот век.

За сите овие зафати беа потрошени околу 500 милиони стари динари. Оваа година според планот на Заводот за заштита на спомениците на културата на Скопје, се предвидува да се реконструира целосно надворешниот североисточен бедем, да биде изграден дрвениот мост пред Турската порта а, како најзначајно за градот, да бидат обновени средновековните кули спрема Вардар и ѕидот од поранешниот Историски музеј, со што ќе му се врати на „Калето“ силуетата од пред земјотресот. За сите тие реставраторски работи ќе се потрошат околу 200 милиони стари динари. Според конзерваторското решение за уредувањето на „Калето“ во идните години, се налага реконструкцијата на тркалезната, триаголната и четириаголната кула во внатрешниот дел на североисточниот бедем како и конзервација на самиот „Киклопски ѕид“. Планираните конзерваторски зафати, ќе повлечат и нови археолошки испитувања, чии податоци секако ќе придонесат за нови зафати и ќе дадат нови факти за средновековната историја на Скопје.

**За урбанистичкото уредување на „Калето“ постојат две варијанти: И двете варијанти предвидуваат да се сочуваат сите позначајни археолошки остатоци од средновековните згради со нивната комплетна конзервација, изградба на нови приоди, патеки и тротоари, озеленување на слободните површини и адаптација на реновираните кули така што во целина „Калето“ ќе претставува своевиден музеј и парк што ќе може да привлече голем број граѓани од нашата земја и странство. За моторизираните посетители ќе биде изграден и поголем паркинг-плац од северната страна, надвор од бедемските ѕидови. На тој начин ќе се овозможи и едно мирно шеталиште во пределот на тврдината „Кале“. За реализација на предвидените конзерваторски и реставраторски зафати, како и за адаптација на кулите и целосната урбанистичка реализација на тврдината, ќе бидат потребни нови средства во износ од околу милјарда стари динари, за што ќе биде нужен и нов соодветен општествен договор.**

**ПРАШАЊЕ: ТОДОР МИТКОВСКИ**

**— Кога ќе биде предаден на употреба Музејот на современата уметност што е лоциран на тврдината „Кале“ и како ќе изгледа?**

**ОДГОВОР:** — Главниот проект за новиот Музеј на современата уметност на Скопје, е всушност подарок од Полската влада на градот Скопје, и е резултат на проектната креација на тројца познати полски архитекти. Градежните работи ги изведува Градежното претпријатие „Пелагонија“ од Скопје. Сите делови на зградата се дефинирани во соодветност со одделните функции на установата. Таа содржи изложбени порстории, сала за предавање и проекции на филмови, што ќе овозможи и еден нов контакт со нашата училишна младина, депои и работилници и административен дел. Според својата архитектонска концепција, тој претставува израз на модерните принципи на музеологијата, со што се овозможува одвивање на комплексна музејска дејност. Довршувањето на зградата се предвидува да биде на 13 ноември годинава, односно на денот на ослободувањето на градот.

Во просториите за постојаната поставка можат да бидат сместени 200 до 250 слики, и 60 до 80 скулптури. Салата за повремени изложби при свеченото отворање на Музејот, ќе биде пополнета со одбрани графички дела од колекцијата на Музејот, преку кои ќе бидат застапени сите земји-дарители.

**Сакам да подвлечам и тоа дека Музејот досега има примено повеќе од 2.000 експонати од 40 европски и вон-европски земји, што ќе го овозможи неговиот успешен старт веднаш по довршувањето на објектот.**

**ПРАШАЊЕ: ДРАГАН СТЕФКОВ**

**— Неодамна почна изградбата на објектот за Брза помош во кругот на поликлиниката „Букурешт“. Како ќе изгледа овој објект, со што ќе располага, кога ќе биде предаден во употреба, колку средства ќе бидат потрошени за изградбата и опремата, колкав капацитет ќе има и дали кога, ќе биде готов ќе се зголеми ефикасноста на Брзата помош?**

**ОДГОВОР:** — Станицата за Брза помош почна да се гради во почетокот на февруари годинава. работите ги изведува градежното претпријатие „Пелагонија“ од Скопје, а според склучениот договор и како што се одвиваат сега работите, објектот треба да биде предаден на употреба на 31 мај годинава. Според тоа, мислам дека би требало да биде предаден во еден навистина рекордно кус рок. Станицата по надворешниот изглед ќе биде вклопена во клиниката и ќе претставува урбанистичка целина со Градската поликлиника „Букурешт“ и со другите објекти. Фасадата ќе биде обложена со плочки како и поликлиниката. Објектот ќе има подземен дел, приземје и кат.

**Во подземниот дел ќе бидат сместени гаражите за потребите на Брзата помош, во приземјето исто така ќе има гаражи за возилата на службата на Брза помош и сервис за одржување на возниот парк. Но, она што е главно во приземјето тоа е дека ќе се наоѓаат работните простории на Службата лекарските ординации, забната ординација, Одделението за стерилизација и други. На катот ќе се наоѓаат дел од Службата за брза помош и дел од Службата за домашна посета. Објектот ќе има околу 2.500 квадратни метри работна површина. За изведувањето на градежните работи, се обезбедени 270 милиони стари динари, а освен тоа за опремата се обезбедени уште 40 милиони стари динари. Со изградбата на Станицата за Брза помош, се создаваат просторни услови кои заедно со новата организациона поставеност на здравствената служба во градот, а посебно на Брзата помош, овозможуваат таа многу пофункционално да се доближи до болниот човек, за покусо време, а од друга страна да му се приближи и специјалистичката помош во првата фаза на неговото заболување. Тоа ќе се овозможи со создавањето на подстаници и организирањето на работата на специјалисти во постапката, што всушност припаѓа на Одделението за Брза помош.**